Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

Врз основа на член 182 и 183 од Законот за хартии од вредност, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Владата на Република Македонија објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за избор на пет комисионери (членови) од кои еден е претседател на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

**1)** Претседателот и комисионерите на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.
**2)** Комисијата е составена од пет комисионери (членови) од кои еден е претседател.
**3)** Мандатот на комисионерите (членовите) е пет години, со можност за реизбор.
**4)** Двајца комисионери (членови) професионално ја вршат својата функција во Комисијата, а тројца се надворешни комисионери (членови) на Комисијата кои се ангажираат за вршење на работи во Комисијата, за што им следува надоместок.
**5)** Надворешните комисионери (членови) имаат право на месечен надоместок кој го утврдува Комисијата.
**6)** Во однос на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите (членовите) на Комисијата се применува Законот за работни односи.
**7)** Комисионерите (членови) кои професионално ја вршат својата функција во Комисијата се со полно работно време и не може да имаат друга функција и да бидат вработени на друго место или да добиваат друг надоместок освен платата како комисионери (членови) и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

**8)** За претседател односно, комисионер (член) може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:
- да е државјанин на Република Македонија;
- да има уверение за завршено високо образование;
- да е експерт од областа на финансиите и деловното право;
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен или БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода;
- има положено психолошки тест и тест за интегритет;
- има најмалку пет години работно искуство во областа на финансиите или деловното право;
- не е член на органи на политичка партија;
- не е член на управен одбор или надзорен одбор или одбор на директори на правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија;
- не е акционер со над 5% учество во акциите со право на глас во акционерско друштво со посебни обврски за известување и 25% од издадените акции на кое било друго акционерско друштво;
- не е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;
- не е осудуван за кривично дело во период од пет години пред изборот за комисионер и
- не е осуден за кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

**9)** Со пријавата кандидатите задолжително треба да ја достават следната документација:
- кратка биографија;
- уверение за државјанство;
- диплома за завршено високо образование;
- потврда дека е експерт од областа на финансиите и деловното право;
- меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода;
- доказ за положен психолошки тест и тест за интегритет;
- доказ дека има најмалку пет години работно искуство во областа на финансиите или деловното право;
- доказ дека не е член на органи на политичка партија;
- доказ дека не е член на управен одбор или надзорен одбор или одбор на директори на правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија;
- доказ дека не е акционер со над 5% учество во акциите со право на глас во акционерско друштво со посебни обврски за известување и 25% од издадените акции на кое било друго акционерско друштво;
- доказ дека не е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;
- доказ дека не е осудуван за кривично дело во период од пет години пред изборот за комисионер и
- доказ дека не е осуден за кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

**10)** Документите од точка 9 треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат до Архивата на Владата на Република Македонија или по пошта на адреса: Влада на Република Македонија Бул.„Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје со назнака: **„За јавен оглас за избор на претседател и комисионери (членови) на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија“**.

**11)** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневните весници, **заклучно со 16 февруари 2018 година.**
**12)** Некомплетната документација и документацијата доставена по истекот на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.